05/22

УЖ-1.бр.394/2024

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: м-р Виолета Илиевска - претседател на советот, м-р Емрије Зубери Амити и д-р Субхи Јакупи - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот А.И. од Скопје, поднесена против Пресудата на Управниот суд У-6.бр.36/2024 од 20.06.2024 година, за зштита на право на слободен пристап до информации од јавен карактер, на седницата на советот одржана на ден 06.11.2025 година, донесе:

26. 11. 2025
08 5

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Александар Илиевски од Скопје, СЕ УВАЖУВА

Пресудата на Управниот суд У-6.бр.36/2024 од 20.06.2024 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување на првостепениот суд.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-6.бр.36/2024 од 20.06.2024 година, тужбата на тужителот А.И. од Скопје, изјавена против Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-5 од 24.01.2022 година, ја одбил како неоснована. Истовремено, судот со решение, барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката го одбил како неосноано.

Тужителот незадоволен од Пресудата на Управниот суд во законски предвидениот рок изјави жалба поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување на првостепениот суд.

Во одговор на жалба тужениот орган наведе дека донесената пресуда е законита со оглед да доказите во судска постапка треба да се обезбедат преку други закони и материјални и процесни, а не преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, па предложи жалбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд по проучување на списите по предметот, ценејќи ги наводите во жалба, испитувајќи го обжаленато решение во смисла на член 79 став 1 од Законот за управните спорови најде:

Жалбата на тужителот е основана.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд без да одржи јавна расправа утврдил дека А.И. од Скопје на ден 21.12.2021 година до Биро за метрологија поднел Барање за информација од јавен карактер, во кое

навел дека Барањето му е врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19). Со барањето побарал електронски да му биде доставена информација во однос на уред за мерење брзина на возила Ласер Кам 4 бр.ЛЕ0936 на МВР СВР Велес ПС за БПС-Велес, кога има стекнато преку нив сертификат за верификација и кога и каде е последно баждарен, дали во земјава или во странство. Појаснил дека се работи за судска постапка пред Основен суд Велес во која тој е странка и во која тие се спомнати како фактор, со напомена дека се работи за едноставна информација според член 9 од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија“бр.87/08, 13/13, 156/15, 193/15), за која рокот за достава е 15 дена, а информацијата му била потребна до следното судско рочиште на 12.01.2022 година.

Бирото за метрологија не одговорило на поднесеното барање, поради што А.И. од Скопје поднел жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Постапувајќи по предметната жалба Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донела Решение број 08-5 од 24.01.2022 година со кое жалбата ја отфрлила како недопуштена.

Во образложението на решението органот навел дека во конкретниов случај не се работело за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, туку дека барањето било поднесено од лице кое било странка во предмет кој се води пред надлежен суд и дека во Барањето се повикувал на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, но и на Законот за претставки и предлози. Истовремено органот укажал дека целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер била да се обезбеди јавност и отвореност во работењето на органите, а не негова законски неоснована и несоодветна примена. Според органот не може да стане збор за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер ако се бара преземање на управни дејствија и истото да биде користено за постапки кои биле во тек пред надлежните судови, односно за постапка каде што барателот на информации од јавен карактер е една од странките во спорот и истиот своето право го остварува согласно одредбите од Законот за кривична постапка, Законот за парничната постапка, Законот за прекршочната постапка и Судскиот деловник. Ова од причина што утврдувањето на исправноста на уред за мерење на брзина кој полицијата го искористила како доказ во судски процес против сега тужителот за што е надлежно Бирото за метрологија се процесни дејствија кои можат и треба се утврдуват во прекршочната постапката поведена против тужителот.

Според органот барателот со барањето доставено до Бирото за метрологија всушност барал информација за пред Основен суд Велес каде истиот бил странка, а Бирото за метереологија бил спомнат како фактор, односно барал доказ кој ќе му послужи во судската постапка. Според органот истиот своите права можел да ги оствари пред се согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои тој се јавува како странка и правната заштита може да ја бара согласно тие закони.

А.И. од Скопје незадоволен од Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен

карактер број 08-5 од 24.01.2022 година, со тужба пред Управниот суд повел управен спор.

Управниот суд постапувајќи по тужбата донел Пресуда У-5бр.306/2022 од 16.05.2023 година со која тужбата на тужителот ја одбил како неоснована.

По изјавена жалба од страна на тужителот А.И. Вишиот управен суд донел Решение УЖ-1бр.350/2023 од 11.01.2024 година со кое жалбата се уважува, Пресудата на Управниот суд У-5бр.306/2022 од 16.05.2023 година се укинува и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување од причина што во жалбена постапка не биле доставени списите по предметот.

Управниот суд постапувајќи во повторна постапка без одржување на јавна расправа врз основа на наводите и доказите од тужбата, одговорот на тужбата на тужениот орган, како и со увид во списите на предметот доставени од тужениот орган, а притоа имајќи ги во предвид наводите од претходно одржаната јавна расправа на ден 11.05.2023 година, донел Пресуда У-6.бр.36/2024 од 20.06.2024 година, со која тужбата на тужителот А.И. од Скопје, изјавена против решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-5 од 24.01.2022 година, ја одбил како неоснована. Истовремено, судот со решение, барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката го одбил како неосноано.

Вишиот управен суд најде дека одлуката на Управниот суд е неправилна и незаконита од причина што судот сторил суштесевени повреди на одредбите на постапката, односно без одржување јавна расправа ја донесол својата одлука.

Согласно член 37 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19) (1) Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уреденосо овој закон. (2) Претседателот на советот или судијата поединец ја закажува расправата.(3) Претседателот на советот или судијата поединец ќе ги повика со покана странките, сведоците и вештаците на расправата. (4) Во поканата ќе биде истакнато дека пресуда може да биде донесена без присуство на странката на расправата. Поканите мора да бидат доставени до странките најмалку осум дена пред одржување на расправата. (5) Судот по правило закажува само едно рочиште за расправа заради изведување на докази.

Согласно член 38 од истиот закон Судот по исклучок од одредбите од член 37 од овој закон одлучува по управниот спор без да одржи расправа само: 1) во случај кога решението на тужениот орган е донесено во согласност со веќе изразено правно сфаќање на судот (модел одлука) согласно одредбите на член 49 од овој закон; 2) доколку тужителот ја оспорува примената на материјалното право, а не утврдената фактичка состојба; 3) кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка, 4) ако најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот, поради што ќе го поништи таквиот акт.

Согласно член 39 став 1 од истиот закон (1) Расправата пред судот е јавна.

Согласно член 70 од истиот закон (1) Пресудата може да се побива со жалба: - поради суштествена повреда на одредбите на постапката; - поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба и - поради погрешна примена на материјалното право.

Согласно член 14 став 1 од истиот закон (1) За прашања во постапката кои не се уредени со овој закон, соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка

Согласно член 367 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/05...124/15) Претседателот на советот, односно судијата поединец е должен по приемот на одлуката на второстепениот суд да закаже рочиште за главна расправа најдоцна во рок од осум дена, а рочиштето да го одржи во рок од 45 дена од денот на приемот на одлуката на второстепениот суд.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд во конкретниов случај по донесување на второстепената одлука со која била укината првостепената пресуда, во повторната постапка не одржал јавна расправа, а на што основано укажува во жалба тужителот.

При одлучувањето овој суд ги имаше во предвид горе наведените законски одредби каде е предвидено само во кои случаи судот одлучува по управниот спор без да одржи расправа, односно само 1) во случај кога решението на тужениот орган е донесено во согласност со веќе изразено правно сфаќање на судот (модел одлука) согласно одредбите на член 49 од овој закон; 2) доколку тужителот ја оспорува примената на материјалното право, а не утврдената фактичка состојба; 3) кога судот одлучува со решение, освен во случаите за времена мерка, 4) ако најде дека оспорениот управен акт содржи такви суштествени недостатоци што ја спречуваат оцената на законитоста на актот, поради што ќе го поништи таквиот акт, што не е во конкретниов случај.

Судот при одлучувањето ги ценеше наводите на тужителот изнесени во жалба за сторени суштествени повреди на одредбите на постапката, за неправилно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалниот закон, а со оглед дека станувало збор за јавна информација која имателот бил должен да ја даде, како и дека не се одржала јавна расправа, односно доколку истата се одржала истиот не бил поканет.

Исто така судот ги ценеше наводите на тужениот орган изнесени во одговор на жалба каде укажа дека своите права тужителот треба да ги оствари преку примена на други материјални и процесни закони, а имајќи во предвид дека во овој случај станувало збор за докази потребни за водење на судска постапка.

Вишиот управен суд најде дека делумно се основани жалбените наводи на тужителот кој укажа на сторени суштествени повреди на постапката и неодржување на јавна расправа, иако законот во ваков случај децидно предвидува одржување на јавна расправа.

Имајќи го во предвид горе наваaеденото се одлучи жалбата да се уважи, пресудата да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување на првостепениот суд, кој ќе треба да ја отстрани сторената суштествена повреда на постапката и по изведување на предложените докази да донесе правилна одлука.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението согласно членот 80 став 2 од Законот за управните спроови.

Решено во Виш управен суд на ден 13.11.2025 година под УЖ-1.бр.394/2024.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Илиевска с.р.

/МА

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник